Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на ден од дневни настани 24.07.2020

На 24.07.2020 во 00.40 часот и 06.25 часот во населба Радишани, Скопје, полициски службеници од СВР Скопје ги лишиле од слобода С.К.(32) од с.Чучер Сандево и Б.Р.(22) од Скопје, бидејќи кај С.К. била пронајдена марихуана, додека по издадена судска наредба, во домот на Б.Р. биле пронајдени марихуана и дигитална дека. По целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 24.07.2020 во 01.20 часот на подрачје на Бит Пазар, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Н.М.(33) од Скопје, по претходна пријава на Д.И.(29) од Скопје дека неколку дена бил вознемирован од негови дека Н.М. со пиштол пукал кон станот на Д.И., но нема повредени. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.07.2020 околу 18.40 часот на ул„Б.Јованоски" во Гостивар, полициски службеници од Полициска станица Гостивар го привеле З.Х.(45), кој управувал патничко возило „мерцедес", со гостиварски регистарски ознаки, бидејќи не почитувал издадена наредба и нападнал полициски службеник при вршење работа на безбедноста. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.07.2020 околу 00.40 часот во СВР Скопје, Љ.З.(28) од Кавадарци пријавил дека околу 00.10 часот, во угостителски објект во Скопје, му биле упатувани закани и бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.07.2020 околу 10.30 часот во СВР Тетово било пријавено дека пред исклучокот за с.Лешок, тетовско, во објект во изградба на магистрален пат Тетово - с.Жажине, додека Ш.Ш.(42) од с.Герчо и Д.Д.(27) од с.Радиовце, општина Бревница изведувале градежни работи во фирма сопственост на П.Б.(70) од Тетово, се здобиле со повреди. По незгодата лицата биле пренесени во Клиничка болница Тетово. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.07.2020 во 22.30 часот на регионален пат Штип - с.Кадрифаково, патничко возило „сеат ибица", со штипски регистарски ознаки, управувано од Д.А.(57) од Скопје, изгубило контрола и удрило во заштитна ограда. По незгодата, Д.А. бил пренесен во Клиничка болница Штип, каде му била констатирана тешка телесна повреда. Увид на местото на незгодата извршила увидна екипа од СВР Штип.

На 24.07.2020 во 00.30 часот на бул„8 Септеври" во Скопје мотоцикл „дукат", со скопски регистарски ознаки, управуван од Р.А.(43) од Скопје, изгубил контрола и удрил во метален столб. По незгодата, Р.А. бил пренесен во Комплекс клиники „Мајка Тереза" за укажување на лекарска помош, каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на незгодата извршила екипа од СВР Штип.

Во текот на 23.07.2020 на подрачјето на СВР Скопје санкционирани се три возила бидејќи биле нерегистрирани и три возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право на управување на моторно возило, а 41 возило е подигнато со специјално возило „лајак".

На 24.07.2020 во 01.40 часот на ул„Илинденска" во Тетово,полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода Ф.С.(21) од с.Чегране, гостиварско, бидејќипри преглед кај него била пронајдена прашкаста материја. Тој бил задржан во Полициска станица Тетово и се работи на документирање на случајот, по што ќе следува поднесок.

На 23.07.2020 во 22.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Комплексот клиники „Мајка Тереза" со повреда бил донесен Р.Б.(68) од Скопје. Според пријавеното, во неговиот продажен објект на бул.„Никола Карев" околу 21.30 часот дошле Е.С.(33),Н.С.(56)и Ц.С.(27), сите од Скопје и физички ги нападнале неговите синови Е.Б.(41) и Е.Б.(27).Според пријавеното, Р.Б.од горниот кат се симнал да види што се случува, при што Е.С. од пиштол испукал еден куршум и го повредил во десната надколеница, по што напаѓачите избегале. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.07.2020 околу 12.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека пред фирмана ул. „Скупи", по претходно недоразбирање, настанала физичка пресметка помеѓу О.Б., И.Б., М.Ѓ.и М.М.М., вработени во фирмата, од една страна, и М.Ш.со неколку други лица, од друга страна. Според пријавеното, во физичката пресметка биле користени тврди предмети, а во еден момент О.Б. испукал еден куршум во воздух, по што го вперил пиштолот кон М.Ш.. При пресметката,со тешки телесни повреди се здобил М.М., констатирано болницата „Св.Наум Охридски", каде бил пренесен за укажување на лекарска помош. Се преземаатмерки за расчистување на случајот.

На 22.07.2020 во 14.30 во СВР Скопје, А.Р.(30) од Скопје пријавил дека на 10.07.2020 околу 15.00 часот,додека со Е.Н. и Р.Н. седеле пред угостителски објект во населба Бутел,во нивна близина неколку лица го нарушиле јавниот ред и мир со физичка пресметка, при штосе слушнал истрел од огнено оружје, кој го погодил пријавителот воногата. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.07.2020 во 22.58 часот во СВР Скопје, А.Е. од с.Студеничани пријавил дека во 22.30 часот во с.Морани, поради меѓусебно недоразбирање,бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Б.М.(23), Е.М.(46),двајцата од с.Морани и Е.Ф.(34) од с.Палиград,од една страна и М.З.(65) од с.Студеничани, К.З.(40) од с.Палиград,Ц.З.(35) и О.З.(19), двајцатаод с.Горно Количани, од друга страна. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.07.2020 во 13.50 часот во СВР Скопје било пријавено дека на локалниот пат с.Петровец - с.Огњани настанал пожар кој зафатил шут, отпад, сува трева и подземен кабел, сопственост на ЕВН. Во 14.30 часот пожарот бил локализиран од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје. Увид извршила екипа од СВР Скопје.

На 23.07.2020 во 18.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Комплекс клиники „Мајка Тереза" било донесено повредено дете – пешак, во сообраќајна незгода во населба Чаир. Полициски службеници излегле на местото на настанот и констатирале дека не станува збор за сообраќајна незгода, туку на бул„Никола Карев", додека повеќе малолетни лица играле, од непознато лице бил турнат 11-годишен малолетник од с.Сарај, скопско, кој при падот се здобил со тешка телесна повреда. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.07.2020 во 15.56 часот во СВР Скопје било пријавено дека на бул.„Христијан Тодоровски Карпош",во близина на клучка Радишани, настанал пожар, при што горела сува трева. Пратени, двајца вработени во МЕПСО побарале медицинска помош,бидејќи вдишале чад. Во пожарот изгореле и две хаварисани возила на МЕПСО.

На 24.07.2020 во 03.53 часот во СВР Штип било пријавено дека околу 03.00 часот непознати сторители со употреба на сила влегле во продажен објект на ул.,,Славчо Стојменов" во Кочани, сопственост на Д.И.(64) од Кочани, при што физички го нападнале Д.И. и одзеле пари. Увид на местото извршила увидна екипа на Одделението за внатрешни работи Кочани. Се работи на расчистување на случајот.

На 23.07.2020 во21.30 часот во СВР Битола, А.А.(52) и Д.А.(53) пријавиле дека од домотсе оддалечил И.А.(21)од Битола. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 23.07.2020 во СВР Скопје било пријавено дека пред наплатна рампа „Петровец", на автопат Скопје – Велес, настанал пожар при што била опожарена сува трева. Пожарот бил изгаснат од Противпожарната единица од Скопје. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

На 23.07.2020 околу 11.00 часот во Полициската станица Карпош било пријавено дека од јавна установа за згрижување на деца со воспитно-социјални проблеми и нарушено поведение се оддалечила нивната штитеничка М.С.(16) од Скопје. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 23.07.2020 околу 20.45 часот во Полициската станица Ѓорче Петров било пријавено дека од страна на патот во с.Орман, на место викано „Ограѓе", во близина на железничката пруга, настанал пожар во кој била опожарена необработена земјоделска површина, сува трева и нискостеблеста шума. Пожарот бил изгаснат од Противпожарната единица од Скопје. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Н.Б.(31) од с.Ларце, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „убиство во обид"и „недозволено изработување, држење и тргување со огнено оружје или распрсувачки материи". На 01.07.2020 предугостителски објект во с.Мала Речица, тетовско, настанала физичка пресметка помеѓу пријавениот и М.Ш.(40) од Тетово, по што пријавениот земал автоматска пушка и пред домот на М.Ш. на ул.„Илинденска" во Тетово испукал неколку куршуми кон него и го погодил во пределот на потколеницата. По преземени мерки од страна на полициски службеници на 22.07.2020 пријавениот бил пронајден и лишен од слобода и му била одредена мерка притвор во времетраење од 30 дена.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против Д.С.(22) од Кочани,поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 08.07.2020 пријавениот се однесувал агресивно конИ.А.,вработен во Управни служби при МВР.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Пробиштип поднесе кривична пријава против Г.С.(21) од Пробиштип,поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „изработка и употреба на лажна платежна картичка". Во текот на декември 2018 година, пријавениот искористил згодна прилика и прибавил банкарски податоци од вистинска платежна картичка и податоци за носителот на платежната картичка и ги искористил при вршење на 11 успешни интернет трансакции кон странски интернет продажни места,со што го оштетил сопственикот за износ од 134.493 денари.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против С.К. (49) од Кочани,поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 20.05.2020, полициски службеници извршиле преглед на возило „сеат кордоба",управувано од М.А., во кое бил С.К., при што кај него била пронајдена и одземена марихуана.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Делчево поднесе кривична пријава против В.А.(20) од Делчево,поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 12.01.2020 на ул.„Кеј на Брегалница" во Делчево, полициски службеници извршиле преглед над четири лица, при што кај едно од нив била пронајдена марихуана, која претходниот ден ја купил од В.А.. По преземени мерки В.А. бил пронајден и при извршен преглед над него била пронајдена марихуана.

СВР Велес поднесе кривична пријава против Д.А.(32) од Велес,поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија. На 10.05.2020 околу 00.05 часот, за време на забрана на движење, движејќи се со патничко возило „опел астра" на ул.„Вардарска" во Велес, пријавениот бил сопрен од полициски службеници, при што било констатирано дека не ја почитувал забраната за движење, односно не постапил според одлуката на Владата со цел сузбивање или спречување на заразната болест ковид-19.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе три кривичнипријави против И.К.(61),И.Љ.(38), двајцата од Струга иИ.Г.(60) од с.Франгово, струшко, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". При контрола на лица на кои им било издадено решение од ДСЗИ за самоизолација, полициски службеници на 01.07.2020 не го пронашле И.К. во неговиот дом, а на 06.07.2020не биле дома пронајдени И.Љ. и И.Г., поради што пријавените биле спроведени во строга изолација (карантин) во објект одреден од страна на Владата на Р.С. Македонија.

Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика при МВР поднесе кривични пријави против Р.А.(19) од Скопје,поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем" и „злоупотреба на лични податоци". Пријавениот навлегол во Snapchat профилна Х.П.,ја променил лозинката и потоа креирал група на која имало поставено нејзини лични фотографии. По преземени мерки, тој бил откриен и пронајден и во разговор со полициски службеници го признал делото.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-поштa: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет